Врз основа на член 92 став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 30 декември 2019 година донесе

# ПРАВИЛА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

## Член 1

Во Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија бр. 173/18) во член 41 ставот (1) се менува и гласи:

„Со денот на отпочнување на примената на овие Правила престануваат да важат Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16, 80/17, 172/17, 197/17, 115/18, 241/18, 65/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 137/19).

## Член 3

Овие Правила влегуваат во сила со денот на донесувањето, се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а почнуваат да се применуваат од 1 јануари 2020 година.

Бр. 01-4002/1

30 декември 2019 година — Претседател,

Скопје — Марко Бислимоски

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно член 92 од Законот за енергетика, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) донесува правила за пазар на електрична енергија коишто се засновани на начелата на транспарентност, недискриминација и конкурентност.

Во членот 41 став (1) од Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/19) е уредено дека со денот на отпочнување на примената на овие Правила престануваат да важат Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16, 80/17, 172/17, 197/17 и 115/18).

Во член 41 став (2) од Правила за пазар на електрична енергија е наведено дека Правилата влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применуваат со денот на примена на Правилата за балансирање.

По донесување на Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/18), Регулаторната комисија за енергетика направи изменување и дополнување

на Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16, 80/17, 172/17, 197/17 и 115/18) и ги објави во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 241/18 и 65/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 137/19).

Измената на членот 41 став (1) од Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 173/19) е со цел да престанат да важат Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16, 80/17, 172/17, 197/17, 115/18, 241/18, 65/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 137/19).